Interreg

Co-funded by the European Union

IPA Bulgaria - North Macedonia

Project

Urban greening for healthy breathing

Проектни партнери:

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Приоритет 1 -
Позелен пограничен регион

Специфична цел RSO2.7 - Подобрување на заштитата и зачувувањето на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучително и во урбаните области и намалување на сите форми на загадување


БУЏЕТ ПО ПАРТНЕРИ

Општина Ќустендил - 199.066,94 Евра

Општина Куманово - 298.529,91 Евра

Центар за развој на Третиот Североисточен плански регион - 44.112,60 Евра

Проектот „Урбано зазеленување за здраво дишење“ ќе обезбеди еколошки, економски и социјални придобивки во прекуграничниот регион Ќустендил - Куманово преку воведување решенија погодни за природата, кои ќе овозможат подобро да ги разбереме предностите што природата му ги дава на човекот и да ги мобилизираме инвестициите за одржување и зголемување на овие придобивки. Со други зборови, зелената инфраструктура што треба да се имплементира во рамките на проектот ќе обезбеди одржливи еко-системски услуги кои ќе придонесат за човековата благосостојба и квалитетот на животот.
Проектот е насочен кон постигнување одржлив развој на зелената инфраструктура на Ќустендилско - кумановскиот регион, со што би се постигнала синхронија и синергија со останатите елементи на животната средина. Целта на проектните партнери е ефикасно управување и развој на зелената инфраструктура, што е остварливо со доследни институционални мерки, професионално спроведени, со вклученост на јавноста, со примена на современи технолошки пристапи и разумна потрошувачка на ресурси за подобрување на животниот стандард.



Зелена инфраструктура:

- **Садење на дрвја во Куманово**
- **Развој на зелени површини за управување со водите (зелени улици за атмосферски води/дождовни градини - одржливи урбани системи за одводнување) во Куманово**
- **Развој на урбана зелена површина и заедничка градина во средното училиште „Перо Наков“ во Куманово**
- **Реновирање на еко-паркот „Езерата“ во градот Ќустендил,**
- **Подобрување на рекреативна зона во централниот дел на градот Ќустендил**